Во акта - Арх. знак: 1/01
Рок на чување: 10 год.
15.05.2015 г.
Скопје
Потпис,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15.05.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 01 | 3484 | 1 | |


# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** <u>**вонреден**</u>

**2. Субјекти на надзорот:**

**I.** Трговско радиодифузно друштво - оператор за кабелска мрежа АСТРА ПЛУС ДООЕЛ Скопје, со подружница во Кочани

**II.** Трговско радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ РИЗ ДООЕЛ Скопје, со подружница во Кочани

**III.** Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ФИЛАДЕЛФИЈА - 2002 ДООЕЛ Скопје, со подружница во Кочани

Надзорот се изврши во соработка со Координативното тело при Влада на Република Македонија, Агенција за електронски комуникации, Државен пазарен инспекторат, Управа за јавни приходи и Министерството за внатрешни работи.

**3. Датум на извршување на надзорот:** 14.05.2015 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврските утврдени во следните членови од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14):

4.1. член 50 став 5 – „Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи можат да емитуваат или реемитуваат програмски сервиси со порнографија само во кодиран облик. Забрането е емитување или реемитување на детска порнографија".

4.2. член 64 став 2 – „Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, освен телешопингот и рекламите".

4.3. член 141 – „Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот

програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис".

4.4. член 143 – „Оператор може да ги реемитува програмските сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско или радио емитување и врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно со Законот за авторските права и сродните права".

4.5 член 144 став 1 – „Оператор кој реемитува програмски сервиси може да воспостави интерен телевизиски канал на кој ќе објавува само информации за функционирањето и услугите што истиот ги обезбедува. Обезбедувачот на програмскиот пакет е должен излезниот сигнал на интерниот телевизиски канал да го снима целосно и без прекин, а снимките да ги чува најмалку 30 дена по емитувањето".

**5. Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор врз операторите ФИЛАДЕЛФИЈА-2002 ДООЕЛ Скопје, КАБЕЛ РИЗ ДООЕЛ Скопје и АСТРА ПЛУС ДООЕЛ Скопје, сите со подружница во Кочани, е констатирано дека овие оператори ги реемитуваат програмските сервиси како и инфо каналот на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје.

Во месец февруари 2015 година наведените оператори ја известија Агенцијата дека е извршена промена на сопственичката структура и дека новиот сопственик на овие оператори е БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје.

За време на надзорот констатирано е дека се реемитуваат само десет програмски сервиси. Поради тоа, контактирано е со овластено лице од БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје кое не извести дека во моментот на вршење на надзорот има прекин на оптичкиот кабел со што е оневозможено нормално функционирање на мрежата.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**